Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК

## *ОД 13–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 8 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА*

Изготвил
Љупка Гугучевска

**ЗАПИСНИК**
од тринаесеттата седница на Државната изборна комисија

Тринаесеттата седница на Државната изборна комисија се одржа на 8 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 17:00 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседател на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев**- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за утврдување на правото и висината на месечниот надоместок за репрезентација на Претседател, Потпретседател и членовите на Државната изборна комисија и Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Државната изборна комисија;

2. Предлог-одлука за висината на месечниот надоместок за користење на службени мобилни телефони на Претседателот, Потпретседател и членовите на Државната изборна комисија и Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Државната изборна комисија;

3. Предлог-одлука за определување на надоместок на трошоците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели за членовите на Државната изборна комисија;

4. Начин на формирање и избор на Правната служба на Државната изборна комисија;

5. Пополнување на испразнетите работни места по подрачните одделенија на Државната изборна комисија, и

6. Разно.

Членот на ДИК, Игор Милев имаше процедурално прашање кое се однесуваше на тоа дали седницата е отворена за јавноста и дали се поканети медиумите да присуствуваат на истата. Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски информираше дека заради ефикасност во организирањето и одржувањето на седницата, медиумите овој пат не биле поканети.

Со оглед на тоа дека немаше предлози за измена и дополнување на дневниот ред Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, истиот го стави на усвојување:

Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.

**Точка 1**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски даде краток вовед во точката на дневниот ред, како и во претходно поделените материјали за истата точка. Откако ја отвори дискусијата по точката 1, претседателот збор му даде на членот на ДИК, Бедредин Ибраими.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими даде кратко појаснување дека и претходно била донесена Одлука за утврдување на правото и висината на месечниот надоместок за репрезентација на Претседател, Потпретседател и членовите на Државната изборна комисија и Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Државната изборна комисија, и според истата правото на месечен надоместок за репрезентација се користело. Новина во Одлуката која е предлог за усвојување во точка 1 од дневниот ред е ограничувањето на висината на месечниот надоместок за претседателот и потпретседателот на ДИК.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на формата и содржината на предлог-Одлуката, истата беше ставена на усвојување.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на правото и висината на месечниот надоместок за репрезентација на Претседател, Потпретседател и членовите на Државната изборна комисија и Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Државната изборна комисија.**

**Точка 2**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски даде краток вовед во точката на дневниот ред, како и во претходно поделените материјали за истата точка.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на формата и содржината на предлог-Одлуката, истата беше ставена на усвојување.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлука за висината на месечниот надоместок за користење на службени мобилни телефони на Претседателот, Потпретседател и членовите на Државната изборна комисија и Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Државната изборна комисија.**

**Точка 3**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски даде краток вовед во точката на дневниот ред, како и во претходно поделените материјали за истата точка, по што отвори дискусија по оваа точка.

За збор се јави членот на ДИК, Игор Милев, кој истакна дека според него членот 7 од предлог-одлуката е спорен, со оглед дека предвидува ретроактивно дејство на одредбите од одлуката. Ова дотолку повеќе што во моментов има одлука за определување на надоместок на трошоците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели која има правна сила, и ретроактивното дејство на новата одлука би донело конфузија. Членот на ДИК Игор Милев предложи предлог-одлуката која е на дневен ред да важи од денот на нејзиното донесување.

За збор се јави членот на ДИК, Бедредин Ибраими, кој предочи дека Државната изборна комисија и претходно носела одлуки со ретроактивно дејство, кои биле предмет на ревизија и за истите немало никакви забелешки. Според него, трошоците кои членовите на ДИК ги направиле од денот на нивното избирање се реални, па ретроактивното дејство не би било никаква грешка. Ангажманот на членовите на ДИК е голем од денот на изборот и ДИК во моментов спроведува многу значаен процес. Тој истакна дека правото кое се предвидува со предлог-одлуката е право кое на членовите на ДИК им следува, и треба да се разгледа и прашањето за надомест на трошоците на оние членови на ДИК кои со години station наназад не го искористиле ова право.

Дискутираше и членот на ДИК Виолета Дума која нагласи дека апсолутно се согласува дека на секого треба да му се надомести она што го троши за да дојде на работа. Меѓутоа, од друга страна, а особено имајќи го

предвид фактот дека ова е 13-та седница на ДИК, што значи дека до сега ДИК одржала 12 седници, таа истакна дека смета дека нема значително да се оштетат членовите на ДИК доколку предлог-одлуката важи од денот на донесувањето. Таа додаде и дека не е сигурна дека е добро ДИК да се изложи на критики со носењето на одлука со ретроактивно дејство.

Следна за збор се јави членот на ДИК Силвана Бонева, која нагласи дека ова е нов состав на Државната изборна комисија кој се разликува од претходниот, и овој состав носи одлука со важност од денот на неговото формирање. Како компаративно искуство, таа го даде примерот со Собранието на Република Македонија, кое носи одлуки кои имаат ретроактивно дејство.

Збор повторно зема членот на ДИК Игор Милев кој се повика на претходните одлуки кои ги усвои Државната изборна комисија, а кои се важност од денот на донесувањето. Тој истакна дека реагирал правнички, поставувајќи го прашањето дали ДИК може да донесе одлука со ретроактивно дејство. Тој побара предлогот да се стави на гласање.

По него збор зема членот на ДИК Бедредин Ибраими, кој додаде дека ова прашање во Државната изборна комисија е отворено пред повеќе од еден месец, и не е вина на поединечни членови на Комисијата што таа не заседавала по тоа прашање. Тој уште еднаш истакна дека доколку носењето на одлука со ретроактивно дејство е погрешно, ревизијата сигурно би реагирала до сега.

Дискусијата ја затвори претседателот на ДИК Александар Чичаковски, кој истакна дека неговата дилема околу ретроактивното дејство се состои единствено во фактот што буџетот за 2015 година е веќе затворен. Тој го истакна својот предлог одлуката да биде усвоена со важност од 01.01.2016 година. Предлогот претседателот на ДИК го стави на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои предлогот одлуката да се измени во член 7, и истиот да гласи: „Исплатата по оваа одлука ќе се врши од 01.01.2016 година."**

Предлог-одлуката со усвоената измена претседателот на ДИК ја стави на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за определување на надоместок на трошоците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели за членовите на Државната изборна комисија.**

**Точка 4**

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски даде краток вовед и ја образложи потребата од итно изнаоѓање на начинот на формирање и избор на Правната служба на Државната изборна комисија. Претседателот истакна дека согласно Изборниот законик ДИК треба да ја формира Правната служба во најкус можен рок, додавајќи дека во постојната законска рамка постојат нормативни пречки за трајно вработување на кадар во Правната служба. Имено, Законот за административни службеници како услов за објавување на јавен оглас за вработување предвидува претходно усвоена Методологија за планирање, која Владата на РМ сè уште ја нема усвоено. Имајќи го ова предвид, претседателот ги наведе двата начини кои на ДИК ѝ се на располагање за регрутирање на кадар за Правната служба: 1) мобилност; или 2) вработување на определено време. Тој додаде и дека во Правилникот за систематизација на работните места ДИК има предвидено три работни места со звање државен советник заради вршење на функцијата на Правна служба, меѓутоа постапката за нивно пополнување е дискутабилна.

Имајќи го наведеното предвид, претседателот на ДИК Александар Чичаковски го формулираше предогот за начинот на формирање и избор на Правната служба на Државната изборна комисија:

1) Правната служба на Државната изборна комисија се формира како Одделение за вршење правни работи во рамките на Секторот за правни, нормативни работи, стручно- административни работи, едукација и односи со јавноста. Одделението за вршење правни работи е составено шест работни позиции со звање: раководител на одделение – 1 извршител, советник – 4 извршители и помлад соработник – 1 извршител.

2) Заради пополнување на работните позиции во Одделението за вршење правни работи, Државната изборна комисија ќе објави јавен оглас за вработување на определено време (до 31.12.2016 година).

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски вака формулираниот предлог го стави на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои предлогот за начинот на формирање и избор на Правната служба на Државната изборна комисија.**

**Точка 5**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски даде краток вовед во точката на дневниот ред, како и во претходно поделените материјали за истата точка.

По кратката дискусија која се содржеше во појаснувања за работните места кои не се пополнети во подрачните одделенија и канцеларии на ДИК, претседателот на ДИК Александар Чичаковски го формулираше предлог-заклучокот од оваа точка на дневниот ред:

Државната изборна комисија да се обрати до Министерството за финансии со барање за согласност за обезбедување средства за пополнување на следните работни места:

1) раководител на подрачно одделение Карпош – 1 извршител,
2) раководител на подрачно одделение Куманово – 1 извршител,
3) помлад соработник за избори во подрачно одделение Куманово – 1 извршител,
4) виш соработик за избори во подрачно одделение Велес, канцеларија Неготино – 1 извршител,
5) виш соработик за избори во подрачно одделение Кочани, канцеларија Виница - 1 извршител,
6) раководител на подрачно одделение Битола – 1 извршител,
7) раководител на подрачно одделение Кичево – 1 извршител,
8) раководител на подрачно одделение Тетово – 1 извршител и
9) виш соработник за избори во подрачно одделение Тетово – 1 извршител.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски го даде предлог-заклучокот на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои заклучокот за пополнување на испразнетите работни места по подрачните одделенија на Државната изборна комисија.**

**Точка 6 – Разно**

**6.1.** За збор се јави членот на ДИК Субхи Јакупи. Тој нагласи дека од 12-тата седница на ДИК не било испратено соопштение до медиумите, бидејќи Комисијата се согласила соопштението да произлезе од записникот од седницата, кој ќе биде објавен за целата јавност на интернет страницата на ДИК. Тој потенцираше дека овој записник најдоцна утре (09.02.2016 година) Државната изборна комисија треба да го усвои и истиот да биде објавен на интернет страницата на ДИК. Тој побара и другите записници да се стават на дневен ред на седница за усвојување.

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски го формулираше предлог-заклучокот:
Сите записници, заклучно со записникот од 12-тата седница, да бидат подготвени за усвојување за првата наредна седница на Државната изборна комисија.

Комисијата едногласно го усвои заклучокот.

**6.2.** Членот на ДИК Силвана Бонева побара покрај записниците од седниците на ДИК, Стручната служба да подготвува и службени белешки од работните состаноци на ДИК.

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски предлогот на Силвана Бонева го формулираше како предлог-заклучок и истиот го даде на усвојување. Комисијата едногласно го усвои заклучокот.

**6.3.** Претседателот на ДИК Александар Чичаковски истакна дека му е потребен извештај околу тоа кој и како ги користи службените возила на Државната изборна комисија.

Тој предложи ДИК да го усвои следниот заклучок: Стручната служба да изготви извештај околу состојбата и користењето на службените возила и картички за бензин. Комисијата едногласно го усвои заклучокот.

**6.4.** Членот на ДИК Игор Милев побара информација околу тоа до каде се активностите за објавување на апликацијата електронски Избирачки список.

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски информираше дека во соработка со ИФЕС отпочнато е унапредување на постојниот софтверски пакет и кон крајот на оваа седмица треба да биде подготвен за користење. Можно е да треба уште некој дополнителен ден за тестирање на апликацијата, но веќе во среда (10.02.2016 година) ќе добиеме целосна информација околу тоа.

**6.5.** Членот на ДИК Игор Милев инсистираше на добивање на извештајот околу чувањето и ништењето на изборниот материјал. Тој истакна дека таквиот извештај треба да биде ставен и како точка на дневен ред на седница на ДИК.

Во форма на заклучок со задолжување на Стручната служба да одговори на ова барање, претседателот на ДИК Александар Чичаковски барањето го стави на усвојување. Комисијата едногласно го усвои заклучокот.

**6.6.** Членот на ДИК Сашо Срцев го постави прашањето до каде е ИФЕС со ангажирањето на третиот консултант.

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски информираше дека е во процедура. Тој истакна дека настојува на писмен извештај околу ова прашање од претставникот на ИФЕС, како и на заокружување на процедурата што е можно побргу.

**6.7.** Членот на ДИК Субхи Јакупи предложи апликацијата електронски Избирачки список да се стави како точка на дневен ред на седница на ДИК. Тој истакна дека ДИК треба да ги разгледа бројките, податоците, како и начинот на работа до сега. Тој додаде и дека ДИК треба да го разгледа и заклучокот од 3-тата седница на Владата на РМ за да ги утврди точните потреби.

**6.8.** Претседателот на ДИК Александар Чичаковски го покрена прашањето околу редовното ажурирање на Избирачкиот список од страна на Државната изборна комисија.

Членот на ДИК Бедредин Ибраими наведе дека клучното прашање е кога ќе се пренесе Избирачкиот список од Државниот завод за статистика во ДИК, со што би се укинала улогата на ДЗС во процесот. Тој нагласи дека во ниту еден момент не смее јавноста да добие впечаток дека ДИК има застој во ажурирањето на Избирачкиот список, работа која ДИК до сега одлично ја вршела.

Членот на ДИК Атанас Урумов додаде дека ажурирањето на Избирачкиот список се врши тековно и подрачните одделенија редовно работат. Тој кажа дека ажурирањето на Избирачкиот список не е доведено во прашање иако тој е во ДЗС.

Членот на ДИК Субхи Јакупи истакна дека процесот има две фази: 1) ажурирање, кое го врши ДИК и 2) методолошка обработка, која ја врши ДЗС. Тој нагласи дека ДЗС никогаш не вршел ажурирање на Списокот.

Членот на ДИК Виолета Дума го цитираше член 194 од Изборниот законик, кој стриктно ја регулира улогата на Државниот завод за статистика во техничката и методолошка обработка на Избирачкиот список.

Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.

**13-та седница на ДИК заврши во 19:30 часот**

Бр. 08-364/2
11. 02. 2016 год.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Александар Чичаковски

***НАПОМЕНА:***
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*